ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

**СКОПЈЕ**
**Број, 04-669/23**
**10.07.2026 година**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 99/22 и 208/24), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 347/2026 на Агенција за администрација број 10-1444/9 од 09.07.2026 година, Директорот на Централен регистар на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА

### за избор на 1 (еден) извршител - по пат на јавен оглас

1. За извршител на работното место **Одговорно лице за работење на РРК/РК Куманово**, Регионална регистрациона канцеларија Куманово, 1 (еден) извршител, категорија Б, ниво Б04, и шифра на работно место ЦРМ/01/01/Б04/002, во Централен регистар на РСМ се избира;

- Срѓан Ивановски, со идентификациски код 3D055F7

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Централниот регистар на РСМ, преку Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 347/2026 за вработување на административен службеник во Централен регистар, а кој оглас е објавен на ден 02.06.2026 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", за работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Куманово, Регионална регистрациона канцеларија Куманово со шифра ЦРМ/01/01/Б04/002.

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на Агенцијата за администрација број 10-1444/3 од 04.06.2026 година , во функција на спроведување на постапката за вработување на административен

службеник за извршување на работите на работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Куманово, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на докази и интервју, Комисијата изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати за секое објавено работно место по јавен оглас број 347/2026, врз основа на што Директорот на Централен регистар на РСМ за работното место Одговорно лице за работење на РРК/РК Куманово, со шифра ЦРМ/01/01/Б04/002, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуките на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

Доставено до:
- Именуваниот;
- Агенцијата за администрација;
- Одделение за човечки ресурси;
- Архива на директор,

Изработил: Андријана Анастасовска-Китанова
Одобрил: Венера Војноска

**Директор,**
д-р. Анита Стамнова